**20152256269**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 декември 2015 година.

Бр. 08-6075/1
23 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15 и 129/15), во членот 24 точка 8 на крајот од реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 9 на крајот од реченицата точката се заменува со сврзникот „и“.

По точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

„10. Услуги од страна на телекомуникациски оператор со кои се овозможува донирање на финансиски средства преку отворен специјален телефонски број за донации кои се користат за хуманитарни цели.“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.